Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003 и 84/2005), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 23 март 2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИТЕ ЦЕНИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЗАБОТЕХНИЧКИ И ЗАБНОПРОТЕТИЧКИ СРЕДСТВА ШТО ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтните цени за изработка на заботехнички и забнопротетички средства изработени од стандарден материјал, на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, според Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедските и други помагала (“Службен весник на РМ“ бр. 111/00, 56/01-исправка, 71/01, 73/05 и 41/03), (во понатамошниот текст: Правилник за ортопедски помагала).

Член 2

Како референтни цени за изработка (услуга, материјал, резервни делови и потрошен материјал) на заботехнички и забнопротетички средства изработени од стандарден материјал од член 46 од Правилникот за ортопедски помагала се утврдуваат:

Ред. бр.	Назив на помагалото	Единечна цена
1.	Подвижни акрилатни парцијални протези - горна	1.210,00
	Подвижни акрилатни парцијални протези - долна	1.240,00
	Подвижни акрилатни тотални протези - горна	1.770,00
	Подвижни акрилатни тотални протези - долна	1.950,00
2.	Ортодонски акрилатни апарати (подвижни)	1.510,00
	Коса рамнина	670,00
3.	Едноделни леани фасетирани крунички	770,00

Член 3

Референтните цени од член 2 во оваа одлука се утврдуваат по методологија на добивање на просечен износ од цени на три поголеми здравствени установи во државата, како максимални цени кои Фондот ги надоместува за изработка на заботехнички и забнопротетички средства на здравствената установа - заботехничка лабораторија со кои Фондот има склучено договор за изработка.

Во референтната цена за изработка на заботехнички и забнопротетички средства во смисла на член 2 на оваа одлука не спаѓа цената за здравствените услуги на докторот - стоматолог специјалист.

Член 4

Доколу осигуреното лице бара изработка на заботехничко и забнопротетичко средство од материјал кој не се смета за стандарден во смисла на член 53 од Правилникот за ортопедски помагала, односно по цена повисока од цената утврдена во член 2 од оваа одлука, разликата во цената паѓа на товар на осигуреното лице.

Член 5

Фондот ќе склучи договор со здравствената установа од член 3 на оваа одлука ако е регистрирана за вршење на дејност како здравствена установа - заботехничка лабораторија.

Член 6

Оваа одлука влегува со сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2274/3
27 март 2006 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател,
Ангелина Бачановиќ, с.р.